**20200420810**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2020 година.

Бр. 08-1413/1
16 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11) во членот 2 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Советот на јавните обвинители во вршењето на своите функции соодветно ги применува одредбите од Законот за употреба на јазиците.“.

Член 2

Во член 6 во алинејата 5 во првиот ред од текстот по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „(во натамошниот текст: Собранието)“, а по зборот „адвокати“ зборовите: „и други истакнати правници“ се заменуваат со зборовите: „поранешни судии на Уставниот суд, меѓународни судии и други истакнати правници.“.

Член 3

Во член 7 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Мандатот на членовите на Советот избрани од страна на јавните обвинители трае четири години со право на уште еден избор по истекот на најмалку четири години од престанокот на претходниот мандат во Советот.“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Мандатот на членовите на Советот избрани од Собранието трае четири години со право на уште еден избор.“.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 4

Во член 9 став (1) по алинејата 7 се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- одлучува по поднесено барање за дисциплинска одговорност на член на Советот,

- донесува одлука за член на Советот да може да врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители,

- донесува Етички кодекс за јавни обвинители по предлог на Здружението на јавните обвинители.“.

Член 5

Во член 10 став (5) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако со Законот за јавното обвинителство не е поинаку определено.“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Одлуките на Советот мора да бидат образложени и истите се објавуваат на веб-страницата на Советот.“.

Член 6

По членот 10 се додаваат два нови наслова и два нови члена 10-а и 10-б, кои гласат:

**„Јавност во работата**

Член 10-а

(1) Седниците на Советот се јавни.

(2) Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Во случај кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно.

(4) Кога Советот одлучува за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство или за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство, јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај.

(5) Советот составува записник од гласањето за одлуката од ставот (4) на овој член и истиот јавно го објавува на веб-страницата на Советот.

(6) За работата на седницата на Советот се води записник и седницата се снима тонски или се прави аудио-визуелен запис. Усвоениот записник се објавува на веб- страницата на Советот.

**Изземање на член на Советот**

Член 10-б

(1) Член на Советот не учествува во работа на Советот во постапки во кои се одлучува за јавен обвинител или кандидат за јавен обвинител со кој е во:

1) брачна или вонбрачна заедница;

2) роднинска врска по права линија до кој било степен, а во странична до четврт степен;

3) роднинска врска по сватовство до втор степен;

4) однос на посвоеник или посвоител или лице со кое живее во иста семејна заедница.

(2) Член на Совет избран од редот на јавните обвинители не учествува во работата на Советот кога е поведена постапка за утврдување на негова одговорност како јавен обвинител или како член на Советот.

(3) Член на Советот е должен веднаш да престане со својата работа во постапките од надлежност на Советот во моментот на осознавање за постоење на причините од ставот (1) на овој член и за тоа да го извести Советот.

(4) Член на Советот, освен во случаите предвидени во ставот (1) на овој член, доколку во вршењето на својата функција дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во неговата непристрасност, е должен веднаш за тоа да го извести Советот, кој ќе донесе соодветна одлука.

(5) Ако членот на Советот не постапи согласно со ставот (3) на овој член, тогаш за него може да биде поведена дисциплинска постапка.“.

Член 7

Во член 13 став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и се објавува на веб-страницата на Советот“.

Член 8

Во член 16 алинеја 1 зборот „осум“ се заменува со зборот „десет“, а сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 2 точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- да има позитивна оцена во вршењето на јавно обвинителската функција согласно со закон,“.

Член 9

Во член 20 ставови (1), (2) и (7) зборовите: „Министерство за правда“ се заменуваат со зборот „Советот“.

Во ставот (4) зборовите: „Министерот за правда“ се заменуваат со зборовите: „Претседателот на Советот“.

Член 10

Во член 23 став (1) во алинејата 2 по зборот „број“ се додаваат зборовите: „кој се наоѓа на делот кој останува на кочанот“.

Член 11

Во член 25 став (4) по зборот „легитимација“ се додаваат зборовите: „или јавна исправа за утврдување на идентитетот“.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Гласачката кутија не смее да биде отворена пред 16:00 часот.

(7) Комисијата за избори е должна преку веб-страницата на Советот да обезбеди јавноста директно да го следи сумирањето на изборниот резултат, а во случај да не може да се обезбеди директен пренос од технички причини, е должна да обезбеди снимање на истиот и најдоцна следниот ден да ја постави снимката на веб-страницата на Советот.“.

Член 12

Во член 30 став (1) по зборовите: „по завршувањето на гласањето" се става запирка и се додаваат зборовите: „односно по објавувањето на резултатите".

Член 13

Во член 32 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) За член на Совет што го избира Собранието може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кое во вршењето на правната професија се истакнало со научна или професионална работа или со свое јавно делување и
- да не е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело злоупотреба на службена должност и овластување во вршење на функцијата или друго кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци што го прави недостоен за да ја врши функцијата член на Советот.".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Членовите на Советот што ги избира Собранието се од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставниот суд, меѓународни судии и други истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.".

Ставот (2) станува став (3).

Член 14

Во член 33 ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Избраните членови на Советот припадници на заедниците кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, свечената изјава ја даваат согласно со одредбите од Законот за употребата на јазиците.".

Член 15

Во член 35 став (1) точката 3) се менува и гласи:

„3) со исполнување на услови за старосна пензија согласно со закон, при што членот на Советот може да продолжи со вршењето на функцијата согласно со прописите за работните односи со доставување изјава до Советот на јавните обвинители.".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случајот од ставот (1) точка 3) на овој член, престанокот, односно продолжувањето на функцијата член на Советот, со решение Советот го констатира на првата наредна седница.".

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 16

По членот 35 се додава нова Глава IV-а, шест нови наслови и шест нови членови 35-а, 35-б, 35-в, 35-г, 35-д и 35-ѓ, кои гласат:

„IV-а ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈА НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

**Разрешување на член на Советот**

Член 35-а

(1) Член на Советот ќе се разреши од функцијата, ако:

1) Јавниот обвинител - член на Советот е разрешен од јавнообвинителската функција согласно со закон;

2) Советот оцени дека се исполнети основите за негово разрешување поради дисциплинска повреда во постапка утврдена со закон.

(2) Во случајот од ставот (1) точка 1) на овој член, мандатот престанува со правосилноста на одлуката за разрешување на јавниот обвинител од јавнообвинителската функција.

(3) Во случај од ставот (1) точка 2) на овој член, мандатот престанува со денот кога Советот донел одлука за разрешување на членот.

**Основи за поднесување на барање за дисциплинска постапка за член на Совет**

Член 35-б

(1) Образложено барање за поведување на постапка за дисциплинска одговорност на член на Совет, заедно со доказите на кои се заснова барањето, до Советот може да поднесат најмалку 20 јавни обвинители или најмалку една третина од вкупниот број членови на Советот, ако членот на Советот:

- влијае врз самостојноста на јавните обвинители во одлучувањето по конкретни предмети,
- ја занемарува и не ја извршува својата функција во работата на Советот,
- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или
- ги прекрши правилата за изземање во ситуации во кои членот на Советот знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со овој закон.

(2) Членот на Советот се разрешува од функцијата согласно со основите предвидени во ставот (1) на овој член ако повредата е сторена:

- со намера или очигледна небрежност по вина на јавниот обвинител без оправдани причини и
- повредата предизвикала тешки последици.

**Постапка за утврдување на одговорност на член**

Член 35-в

(1) Постапката за утврдување на одговорност на член на Советот е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на членот на Советот при што се води сметка за заштита на личните податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) По барање на членот на Советот, Советот ќе одлучи постапката да биде јавна.

(3) Барањето од членот 35-б од овој закон се доставува до Советот кој во рок од три дена од денот на поднесувањето на јавна седница утврдува дали барањето е уредно и поднесено од овластен подносител.

(4) Ако барањето е неуредно или поднесено од неовластен подносител, Советот на истата седница го отфрла.

(5) Ако барањето е уредно и поднесено од овластен подносител, Советот во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето одржува седница.

(6) Членот на Советот може писмено да одговори на наводите во барањето или да даде усна изјава на јавната седница на Советот на која се расправа по барањето.

(7) Членот на Советот против кој е поднесено барање има право на бранител што самиот го известува и го обезбедува за расправата.

**Прибавување податоци и докази**

Член 35-г

(1) Советот прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со барањето.

(2) Доколку податоците и доказите од ставот (1) на овој член се наоѓаат кај државен орган, орган на единицата на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршење на јавни овластувања, истите се должни без надоместок да ги достават до Советот во рокот определен во барањето од ставот (1) на овој член.

(3) Заедно со одговорот на барањето членот на Советот ги доставува сите докази врз основа на кои го заснова својот одговор на барањето.

**Достава**

Член 35-д

(1) Доколку барањето е уредно и поднесено од овластен подносител, Советот го доставува барањето и доказите лично до членот на Советот против кој е поднесено, преку архивата на Советот или со препорачана пратка на домашната адреса.

(2) Ако членот на Советот не се затече на местото на достава од ставот (1) на овој член му се остава писмено известување за местото и времето за подигање на барањето и истото се смета за уредна достава.

(3) Членот на Советот во одговорот на барањето е должен да ја наведе адресата на која ќе му се доставуваат писмената во текот на постапката по писмен пат со препорачана пратка, како и електронската адреса на која писмената ќе му се доставуваат по електронски пат.

(4) Доколку членот на Советот не се затече на адресата наведена во одговорот на барањето каде што треба да се изврши доставување на писменото, доставувачот ќе остави писмено известување заради примање на писменото со кое се известува да дојде во определен ден и час во определена просторија на Советот за прием на писменото. Ако членот на Советот не постапи по известувањето се смета дека доставувањето е извршено на денот и часот наведени во известувањето.

(5) Доставувањето по електронски пат се врши согласно со одредбите од Законот за парничната постапка.

**Одлука за разрешување**

Член 35-ѓ

(1) Одлуката за разрешување на член на Советот ја донесува Советот со најмалку шест гласови, при што за разрешувањето мора да гласале најмалку три члена избрани од јавните обвинители и три члена избрани од Собранието.

(2) Мандатот на членот на Совет престанува со денот кога е донесена одлуката за разрешување.“.

Член 17

Во член 37 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „по година на завршување на обуката.“.

Член 18

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

„Член 38-а

Член на Советот за време на траењето на мандатот не може да биде избран за јавен обвинител во јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство.“.

Член 19

Во членот 40 став (1) зборовите: „основен јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „основен јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција“ се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) На постапката за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се применуваат одредбите од овој закон за избор на член на Советот на јавни обвинители од редот на јавните обвинители, освен ако со Законот за јавно обвинителство не е поинаку определено.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Советот на јавни обвинители во рок од седум дена од денот на гласање за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, го именува за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кандидатот кој освоил најмногу гласови на гласањето од страна на сите јавни обвинители во Република Северна Македонија.“.

Член 20

Во членот 41 по зборот „избира“ се додаваат зборовите: „јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,“.

Член 21

Членот 47 менува и гласи:

„(1) Советот донесува решение за престанок на функција јавен обвинител кога се исполнети условите за старосна пензија согласно со закон, при што јавниот обвинител може да продолжи со вршењето на функцијата согласно со прописите за работните односи со доставување изјава до Советот на јавните обвинители.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, престанокот, односно продолжувањето на функцијата јавен обвинител, со решение Советот го констатира на првата наредна седница.“.

Член 22

Во член 48 став (1) по зборовите: „шест месеца“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 23

По членот 49 се додава нов член 49-а, кој гласи:

„Член 49-а

(1) Член на Советот може да поднесе иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител, до овластените подносители на предлог за утврдување дисциплинска одговорност.

(2) Член на Советот кој поднел иницијатива за утврдување дисциплинска одговорност на јавен обвинител не може да учествува во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители во втор степен и за разрешување на јавен обвинител.“.

Член 24

Членот 50 се менува и гласи:

„Советот врз основа на спроведена постапка за утврдување одговорност со решение ќе разреши јавен обвинител согласно со основите од Законот за јавното обвинителство.“.

Член 25

Во членот 55 по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „преку буџетскиот корисник - Совет на јавни обвинители.“.

Член 26

Започнатите постапки за избор на јавни обвинители, како и започнатите дисциплински постапки за јавни обвинители до денот на започнување на примена на овој закон, продолжуваат да се водат согласно со одредбите од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11).

Член 27

Во насловот и во сите членови на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2007 и 100/11) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 28

Овој закон се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а влегува во сила и ќе започне да се применува од 30 јуни 2020 година.